РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.000.01

# УПАТСТВО
# ЗА МИНИМАЛНИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ПРОСТОР КАДЕ СТОКАТА ВО ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА СЕ СТАВА НА УВИД И СЕ ВРШИ ПРЕГЛЕД ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ

Март 2015

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| 00 | 15.02.2013 | Прво издание | / | / |
| 01 | | Второ издание | Дополнето | Точка 22 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12,43/14 и 167/14 ), директорот на Царинската управа донесе

# УПАТСТВО
# ЗА МИНИМАЛНИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ПРОСТОР КАДЕ СТОКАТА ВО ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА СЕ СТАВА НА УВИД И СЕ ВРШИ ПРЕГЛЕД ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се пропишуваат минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила (во натамошниот текст: ТМВ) се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи (во натамошниот текст: работен простор на царинските органи).

2. Работниот простор на царинските органи се определува во царински терминали чија местоположба соодветствува на местоположбата на царинските испостави предвидени во Правилникот за организација и работа на Царинската управа донесен од страна на министерот за финансии.

3. Царинскиот терминал покрај работниот простор на царинските органи, кој вклучува и магацини за детална царинска контрола и за претовар, треба да содржи и паркинзи за комерцијални возила, паркинзи за специјални возила, деловни објекти за царинските органи, шпедиции, инспекциски служби и други услужни дејности.

4. Царинскиот терминал може да биде граничен или внатрешен. Царинските терминали може да бидат транзитни, увозни, извозни или увозно-извозни. Кај увозно-извозните терминали паркинзите за комерцијални возила мора да бидат одвоени на извозен и увозен дел. Останатите паркинзи и магацините можат да бидат за заедничка употреба.

## II. Минимални услови

5. Минимални услови за царински терминал се:

   а) Влезно - излезна портирница, која треба да располага со:

- Просторија за портир со натстрешница,
- Метална заштитна врата на влезот и излезот за товарни возила
- Метална заштитна врата за влез и излез на лица
- Систем за електронско евидентирање на комерцијални возила и издавање на терминалска белешка (електронски поврзан со царинските органи),
- Систем за идентификација на лица кои влегуваат во царинскиот терминал,
- Телефонска линија,
- На паркинг просторот на терминалот не смее да има комерцијални простории (ресторани, шпедиции, инспекции и слично) со излез кон паркинг просторот.

б) Просторија за обезбедувањето на царинскиот терминал (заедно или издвоено од влезно - излезната портирница), која траба да располага со:

- Просторија за обезбедувањето,
- Системи за контрола на царинскиот терминал од страна на обезбедувањето, вклучувајќи и видеомониторинг, со обврска снимениот материјал да се чува не подолго од 30дена
- Систем за противпожарна заштита,
- Телефонска линија.

в) Колска вага

- Дигитална колска вага, со капацитет минимум 50 тони,
- Затворена просторија за мерните инструменти.

г) Контролна рампа-платформа за преглед од страна на царинските органи:

- Подигната рампа - платформа за преглед на возила со овозможен приод на возила од двете страни на рампата,
- Натстрешница од двете страни на рампата,

д) Означен простор за ставање на увид на возилата, пред контролната рампа.

ѓ) Магацини за детална царинска контрола на стоката и претовар

- Употреблива површина од најмалку 100 $м^2$,
- Наместо посебна просторија за детална царинска контрола, може да се користи и царински склад.

е) Паркинг за контејнери (во близина на магацините со пристап на автодигалка за претовар на контејнерите). Постоење на ваков паркинг се препорачува, но не е задолжително.

ж) Паркинг
- Целосно ограден,
- Единствен влез и излез или еден посебен влез и еден посебен излез,
- Капацитет за минимум 20 ТМВ со приколка.
- Посебно одбележани најмалку 3 паркинг места за возила кои ја завршиле царинската постапка.

з) Паркинг за специјални возила (АДР)
- По можност подалеку од објектите,
- Посебно обележан,
- Со посебно решена противпожарна заштита
- Капацитет за минимум 3 цистерни или ТМВ.

ѕ) Јавни санитарни јазли во склоп на поединечните видови на паркинзи
- Машки санитарни јазли со гардероби и туш кабини,
- Женски санитарни јазли со гардероби и туш кабини,
- Просторија за одржување.

и) Деловни објекти
- Простории за царинските службеници,
- Простории за инспекции,
- Простории за шпедиции,
- Простории за привремено чување или царински складови (вклучувајќи и простории и складови за различни видови на стоки: ладилници, расипливи, големогабаритни итн.) во состав на царинскиот терминал или во непосредна близина. Постоење на простории за привремено чување и царински складови на царинскиот терминал се препорачува, но не е задолжително,
- Простории за услужна дејност. Постоење на вакви простории се препорачува, но не е задолжително.

6. Царинските терминали може да бидат во сопственост на правни или физички лица со кои Царинската управа на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) склучила договор за користење на работен простор на царинските органи.

7. Предмет на Договор ќе биде уредувањето на условите под кои царинскиот орган ќе ги користи: контролната рампа-платформа за преглед, магацините за детална царинска контрола на стоката и претовар и деловните објекти - простории за царинските службеници.

## III. Начин на спроведување на постапката за избор на најповолен понудувач

8. Избор на Држатели на царински терминал се врши по пат отворен повик за прибирање понуди за склучување на договор за користење на работен простор на царинските органи.

   Во подготовката на документацијата за отворениот повик во согласност со ова Упатство ќе се земат предвид специфичностите на секоја поединечна царинска испостава.

   Јавното огласување се врши на интернет страната на Царинската управа www.customs.gov.mk и во најмалку два дневни весника.

   Јавното огласување трае најмалку 14 дена.

9. Оценката на критериумите од точка 18 на ова Упатство врши Комисија за оценување на критериумите за определување на работен простор на царинските органи (во натамошниот текст: Комисија) формирана од директорот на Царинската управа (во натамошниот текст: директор).

10. Комисијата ја сочинуваат помошникот директор на Секторот за административни и технички работи, кој е воедно и претседател на Комисијата, началникот на Одделението за оперативни работи, началникот на Одделението за царински и даночни постапки, управникот на царинарницата во која се наоѓа односната царинска испостава, шефот на предметната царинска испостава и еден член од Комитетот за безбедност и контрола. Во отсуство на помошникот директор на Секторот за административни и технички работи претседател на Комисијата е управникот на односната царинарница.

11. За извршената оценка Комисијата изработува записник и заедно со предлог за избор на Држател на царински терминал, го доставува до директорот.

    При изборот на работниот простор за царинските органи ќе се оценува и исполнувањето на условите кои се однесуваат на целиот царински терминал и нивниот квалитет.

    Предлогот мора да биде поддржан од мнозинството членови на комисијата.

12. Одлука за определување на работен простор на предметната царинска испостава од точка 2 на ова Упатство донесува директорот.Одлуката се

изготвува на образец 01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03 согласно Упатството за изглед и структура на документација во Царинската управа бр.01-072633/12-0003 од 28.10.2013 година.

Договорот го потпишува директорот или од него овластено лице.

13. Шефот на царинската испостава и Управникот на надлежната царинарница е задолжен за следење на исполнувањето на обврските и условите под кои Договорот е склучен.

14. Договорот се склучува за период до 5 години.

    Продолжување на овој период не е можно. По исклучок, во случај на виша сила или непредвидени околности, овој период може да се продолжи за уште најмногу 6 месеци сметано од денот на истекување на Договорот. Најдоцна два месеца пред истекот на важноста на договорот, Царинската управа – Сектор за административни и технички работи објавува јавен повик за прибирање на понуди за склучување на договор за определување на работен простор.

15. Условите под кои е склучен Договорот мора да бидат исполнети постојано за цело време на важност на договорот од точка 8 на ова Упатство.

16. За сите настанати промени кои можеби влијаат на докажување на условите, Државелот на царински терминал е должен без одлагање да го извести шефот на односната царинска испостава, кој ја известува комисијата од точка 10. Комисијата врши дополнителна оценка на исполнувањето на условите врз основа на новонастанатата состојба и одлучува дали ќе започне постапка за раскинување на Договорот.

17. Со Договорот се предвидува клаузула за одговорност во случаи на неправилности во делот на царинските формалности кои се поврзани со вршењето на обврските предвидени со Договорот (на пример пуштање на стока од работниот простор без одобрение на царинскиот орган или пуштање на стока од работниот простор за детален преглед без одобрение на царинскиот орган) со што тоа Државелот на царински терминал станува солидарен должник за наплата на давачките кои се должат.

## IV. Оценување на квалитетот на понудите и исполнетост на условите

18. При изборот на работен простор за царинскиот орган се оценува квалитетот и исполентоста на следните услови утврдени во точка 5 на ова Упатство:

- Паркинг простор во обем кој е соодветен на планираниот обем на работа под поволни услови,
- Поволна локација,
- Доверливост и финансиска стабилност,
- Предуслови и доказ дека стоката може да се стави на увид,
- Услови за повикување за ставање на стоката на увид и преглед,
- Услови за царински надзор на работниот простор,
- Услови за преглед,
- Услуги при преглед,
- Услови за детален преглед,
- Услуги при детален преглед,
- Услови за преглед и претрес на транспортни средства,
- Услуги при преглед и претрес на транспортни средства,
- Просторија за царинските службеници кои работат во работниот простор,
- Простории во кои работат други државни органи, инспекции и царински застапници,
- Услуги за привремено чување или царинско складирање на стока или превоз до други одобрени простории за привремено чување или царинско складирање на стока
- Услови или ограничувања кои ги определува понудувачот.

19. Условот „паркинг простор во обем кој е соодветен на планираниот обем на работа под поволни услови" значи простор за паркирање на ТМВ од кој превозните средства ќе се упатуваат во работниот простор доволен за предвидениот обем на работа. Вообичаениот минимален простор за паркирање треба да обезбеди паркирање на минимум 20 ТМВ. Минимален простор за едно ТМВ е 18x4 метри. За царинските испостави кои имаат поголем обем на работа се определува дополнителен минимален простор и истото се објавува во отворениот повик Паркинг просторот треба да е асфалтиран согласно стандардите за паркирање на ТМВ. Паркинг просторот треба да е целосно заграден на начин кон не овозможува неовластено влегување и излегување. Поволноста на понудените простори се оценува врз основа на цената која се нуди за паркирање на возилото. Дополнително се оценува постоењето на придружни содржини во рамките на паркинг просторот (санитарен јазол, јавни телефонски говорници и слично) и непосредено до него (ресторан, мотел, бензиска пумпа и слично).

    Во врска со условот од оваа точка, од понудувачот се бара да достави:
    - Извод од генералниот урбанистички план со намена на површините,
    - Детални технички скици на самата локација, влезовите и излезите и оградата. Во скиците треба да се идентификуваат сите објекти на локацијата

и паркингот со нивните димензии, вклучувајќи ги и влезовите и излезите и оградата,

- Образложение во писмена форма за просторот превиден за паркирање на возилата од аспект на начинот на неговото уредување и изведба, заградување, обележување, осветлување, обезбедување, работно време, како и придружни содржини (на пример: санитарен јазол, јавни телефонски говорници, ресторан, мотел, бензиска пумпа),
- Ценовник врз основа на кој ќе се наплаќа паркирање на возилата, и тоа:
    - Надомест за паркирање на возилата до 4 часа,
    - Надомест за паркирање на возила повеќе од 4 часа и
    - Надомест за паркирање на возила за време на викенд.

20. Условот „поволна локација" значи:
    - Да се наоѓа на или непосредно до главни сообраќајни правци,
    - Да се наоѓа непосредно до простории на царинските органи или располага со простории за сместување на царинските органи,
    - Не постојат ограничувања во поглед на сопственоста или располагањето со овие простори и простории (докази за сопственост, закуп),
    - Овозможува едноставно поврзување со различни видови на транспорт (патен транспорт, железнички транспорт, контејнерски превоз итн.),
    - Не создава сообраќаен метеж.

21. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави:
    - Извод од генералниот урбанистички план со намена на површините,
    - Техничка скица на поширокиот простор во кој се наоѓа понудената локација,
    - Доказ за сопственост или закуп на период од 5 или повеќе години од денот кога е даден отворениот повик,
    - Доказ дека нема ограничување за вкупната маса на возила на сообраќајниците преку кои се доаѓа до терминалот.
    - Образложение во писмена форма во однос на исполнувањето на овие услови.

22. Условот „доверливост и финансиска стабилност" значи дека се исполнети следните критериуми:
    - Понудувачот е сигурен и финасиски стабилен, односно има добра финансиска способност која е доволна за исполнување на своите обврски,
    - Уредно ги исполнува своите обврски по однос на јавните давачки.,
    - Ги води сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола,
    - Во последните три години не ги повредил царинските и даночните прописи.

Критериумот „да е сигурен и финансиски стабилен" е целосно исполнет кога понудувачот:

- Ќе приложи Извештај за извршена ревизија од овластен ревизор со позитивно мислење за финансиските извештаи за последните 3 (три) фискални години, во случај кога станува збор за трговско друштво опфатено со одредбите од член 478 став 1 од Законот за трговски друштва („Сл. весник на РМ" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10 и 24/11), или
- Ќе приложи Информација за економско финансиска состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија врз основа на докази (документ: Податоци за учесник во платен промет) издадени од неговата деловна банка, во случај кога станува збор за трговско друштво кое не е опфатено со одредбите од член 478 став 1 од Законот за трговски друштва.

  За јавни претпријатија и трговски друштва во целосна или доминантна државна сопственост не се бара докажување на исполнетост на овој критериум.

Критериумот „уредно ги исполнува своите обврски" е целосно исполнет кога понудувачот:

- Уредно ги исполнува обврските по царински постапки, решенија и декларации спрема Царинската управа, што се докажува со прибавени писмени информации по службена должност од надлежните организациони единици на Царинската управа.
- Навремено и целосно ги подмирува сите даночни обврски и придонеси кај надлежните институции, што се докажува со писмена Потврда издадена од Управата за јавни приходи дека уредно ги подмирува сите обврски и други јавни давачки (данок на додадена вредност, придонеси кон Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување и др.).

Критериумот „во последните три години не ги повредил царинските и даночните прописи" е целосно исполнет кога во периодот од 3 години сметано од денот на поднесување на барањето, подносителот на барањето не сторил потешка повреда на царинските и даночните прописи, што се докажува со прибавени писмени информации по службена должност од надлежните организациони единици на Царинската управа и со доставување на соодветна потврда од надлежен суд.

23. Под „предуслови и доказ дека стоката може да се стави на увид" се подразбира задоволителен начин на евиденција на влезот и излезот од паркинг просторот

од кој превозните средства може да се упатат до и од работниот простор на царинскиот орган.

Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави:
- Примерок од белешката со која превозното средство влегува во паркинг просторот (минимални податоци: редоследен број, датум и час на влез, регистарски број на превозно средство, име и презиме на возачот, назив на сопственикот на возилото, референца на царинскиот документ при влез, број на транзитната декларација, референца на царинскиот документ при излез, број на царинска декларација за пуштање на стоката во слободен промет, датум и час на излез),
- Примерок од посебна евиденција на превозните средства без товар (влекачи) кои во текот на царинската постапка имаат потреба да излезат или влезат од/во паркинг просторот заради замена или поправка,
- Опис на електронскиот систем во кој се евидентираат белешките за влез во паркинг просторот во писмена форма и прилози на начините на изготвување на извештаи и пребарување, како и процедурата во случај на пад на системот и договор за набавка на апликација за евиденција на возила и лица кои влегуваат во царинскиот терминал и
- Опис на начинот со кој царинските органи може да имаат увид во системот за евидентирање на белешките за влез во паркингот (со увид во просториите на имателот на паркинг просторот или со директна електронска поврзаност со царинските органи) во писмена форма.

24. Под „услови за царински надзор" се подразбира:
- Доволен работен простор за предвидениот обем на работа. Вообичаениот минимален работен простор предвидува простор кој е доволен за едно ТМВ за кое се врши преглед и две товорни возила со приколка кои се повикани да ја стават стоката на увид во работниот простор. За царинските испостави кои имаат поголем обем на работа се определува дополнителен минимален работен простор и истото се објавува во отворениот повик,
- Влез и излез во и од работниот простор кои овозможуваат непречен царински преглед,
- Оградување или обележување на работниот простор од преостанатиот паркинг,
- Соодветно осветлување на работниот простор,
- Контролиран влез и излез на лицата и транспортните средства во и од работниот простор. При тоа држателот на терминалот ќе дозволи влез само на лица учесници во царинската постапка (возачи, декларанти и овластени претставници на компаниите кои спроведуваат царински постапки), на вработените во субјектот - држател на терминалот, на царинските

службеници и на претставници на државни органи согласно нивната надлежност,

- Резервно напојување со електрична енергија преку агрегат,
- Надзор со помош на видео техника (овој услов е задолжителен) и/или читачи на регистарски таблици (условот не задолжителен, но е пожелен).

Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави детална техничка скица на самата локација на работниот простор и опис на начинот и интерната процедура за влез и излез, оградувањето или обележувањето на работниот простор и обезбедувањето на услови за контролиран влез и излез и други видови на надзор во писмена форма.

Понудувачот е должен во рок од 30 дена од потпишувањето на договорот да постави огласни табли за работниот простор и локација.

Димензиите на огласната табла треба да бидат налмалку 50X100cm и да содржат натпис „Царински терминал“ и назив на држателот на царинскиот терминал.

25. Под „услови за преглед" се подразбира:
    - Контролна рампа со настрешница, за што, од понудувачот се бара да достави Техничка скица на контролната рампа со настрешницата со нејзини димензии и опис,
    - Доволно осветлување на местото за контрола, за што, од понудувачот се бара да достави техничи опис на осветлувањето во писмена форма,
    - Дигитална колска вага со капацитет од 50 тони за мерење на ТМВ во случаите кога мерењето на возилата е одредено како мерка за вршење на контрола од царинските органи. Вагата треба да биде одобрена за користење од надлежен органи и нејзината точност редовно се контролира (најмалку на секои шест месеци). Вагата не мора да се наоѓа во работниот простор. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави технички опис на вагата во писмена форма како и нејзината локација и документ од надлежен орган за одобрена употреба на вагата не постар од шест месеци,
    - Ценовник за користење на вагата,
    - Услови за пружање на помош од страна на деклаpантот или застапникот при прегледот или земањето на мостри за анализа. Можноста за пружање на помош не смее да биде забранета за декларантите и застапниците од страна на понудувачот. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави интерен документ со кој ги пропишува условите под кои декларанот или застапникот да му дава помош на царискиот орган при прегледот на стоката.

26. Условот „услуги при преглед" значи:
   - Пружање на помош на царинскиот орган при преглед на стока или земање на мостри за анализа без дополнителни трошоци,
   - Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави изјава дека има вработени и технички средства или дека ќе ангажира лица и технички средства за вршење на преглед и земање на мостри од царински органи.

27. Условот „услови за детален преглед" значи:
   - Доволен работен простор за детален преглед за предвидениот обем на работа во затворени простории со соодветни рампи за натовар и истовар. Вообичаениот минимален работен простор за детален преглед предвидува една рампа за утовар и истовар и затворена и соодветно осветлена просторија со димензии од најмалку 100 м$^2$. За царинските испостави кои имаат поголем обем на работа се определува дополнителен минимален работен простор за детален преглед и истото се објавува во отворениот повик. Во работниот простор за детален преглед треба да е обезбедено соклучарство со царинскиот орган. Стоката сместена во овој затворен простор нема третман на складирана стока туку стока врз која се врши детален преглед под царински надзор и истата може да остане во овој простор најмногу три работни дена,
   - Издвоен простор за детален преглед на термо лабилна стока до минус 4 степени целзиусови и до минус 20 степени целзиусови, или детален преглед на опасни материи (условот не е задолжителен).

     Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави детална техничка скица на работниот простор за детален преглед со димензии и опис и ценовник врз основа на кој се наплаќа за чување на стоката во просторот за детален преглед за период до 180 минути и цената или цените за период поголем од 180 минути.
   - Услови за пружање на помош од страна на декларанот или застапникот при деталниот преглед или земањето на мостри за анализа на царинските органи. Можноста за пружање на помош не смее да биде забранета за декларантите и застапниците од страна на понудувачот. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави интерен документ со кој ги пропишува условите под кои декларанот или застапникот му дава помош на царискиот орган при деталниот преглед на стоката.

28. Под условот „услуги при детален преглед" се подразбира пружање на помош на царинскиот орган при деталниот преглед или земањето на мостри.

    Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави листа на опрема за утовар и истовар и расположиви ресурси за пружање на помош на царинскиот

орган при детален преглед. Оваа помош при детален преглед за различни видови на дејствија (утовар, истовар, отпакување, за пакување итн. или земање на мостри за анализа) не смее да се наплаќа.

29. Под „услови за преглед и претрес на транспортни средства" се подразбира простор/просторија за преглед и претрес на товарни и/или патнички моторни возила, вклучувајќи и канал за преглед. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави детална техничка скица на работниот простор за преглед и претрес на транспортни средства со димензии и опис.

30. Под „услуги за преглед и претрес на транспортни средства" се подразбира стручно технички услуги за преглед и претрес на товарни и/или патнички транспортни средства во име и под надзор на царинскиот орган. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави список на видови на опрема и видови на дествија кои може да се вршат при преглед и претрес на транспортни средства..Овој услов не е задолжителен.

31. Условот „просторија за царинските службеници кои работат во работниот простор" подразбира затворена просторија за работа на царинските службеници кои работат во царинскиот простор со целата потребна инфраструктура (струја, телефонска врска, интернет врска, ладење и греење). Вообичаениот минимален простор треба да обезбедува простор за едно работно место согласно стандардите предвидени во интерните акти на Царинската управа и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

    Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави детална техничка скица на просторијата во која треба да работат царинските службеници со димензии и опис со посебен опис на инфраструктурата која се нуди. Овие простории царинскиот орган ги користи без надомест за закупнина или за инфраструктурата.

32. Условот „простории во кои работат други државни органи, инспекции и царински застапници" подразбира затворени простории за работа на други државни органи, инспекции и царински застапници чија работа е поврзана со царинењето на стоката со целата потребна инфраструктура (струја, телефонска врска, интернет врска, ладење и греење). Простории за намалку три застапника мора да бидат на располагање или во рамките на локацијата на понудувачот или во нејзина непосредна близина. Вообичаениот минимален простор на секоја поединечна просторија треба да обезбедува простор за едно работно места. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави детална техничка скица на просторите во кои треба да работат државните органи,

инспекциите и царинските застапници со димензии и опис со посебен опис на инфраструктурата која се нуди и ценовник или друг акт врз основа на кој се пропишува наплаќањето и/или условите и начинот под кои се користи предметната просторија.

33. Условот „услуги за привремено чување или царинско складирање на стока или превоз до други одобрени простории за привремено чување или царинско складирање на стока", кој не е задолжителен, се однесува на одобрен царински склад или просторија за привремено чување и/или услови за превезување на стока до други одобрени царински складови или простории за привремено чување. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави одобрение за царинско складирање и/или просторија за привемено чување, опис на начинот и условите за превезување на стока до други одобрени царински складови или простории за привремено чување и ценовник или врз основа на кој се пропишува наплаќањето за царинско складирање, привремено чување и/или превезување до други простории за привремено чување или царинско складирање.

34. Под „други услови или ограничувања кои ги определува понудувачот" се подразбираат други услови, поволности, обврски за плаќање или ограничувања кои не се предвидени со претходните критериуми, а се наметнуваат или се бараат од страна на понудувачот. Во врска со овој услов од понудувачот се бара да достави соодветни описи на условите, поволностите, обврски за плаќање или ограничувања и соодветни ценовници.

35. Во понудите за склучување на договор за користење на работен простор на царинските органи понудувачите треба да докажат дека ги исполнуваат минималните услови од точка 5 и критериумите од точка 9 на ова Упатство. Доколку понудувачите во моментот на поднесувањето на понудата не исполнуваат некои од наведените услови и критериуми тие може да ја достават сета потребна документација заедно со плановите и роковите за исполнување на условите од точка 5 и критериумите од точка 9 на ова Упатство. Роковите за исполнување на условите и критериумите не смее да бидат поголеми од 1 година од денот на склучување на договорот.

## V. Завршни одредби

36. Надлежен за спроведување на ова Упатство се помошникот директор на Секторот за административни и технички работи и управникот на односната царинарница согласно месната надлежност.

37. Надлежни за предложување, примање и подготовка на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директор на Сектор за царински систем и началникот на одделението за царински и даночни постапки.

38. Контрола на спроведување на одредбите на ова Упатство врши одделението за внатрешна ревизија и Сектор за професионална одговорност.

39. Секое постапување спротивно на ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност..

40. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

41. Секторот за Царински систем во соработка со Секторот за информатички и комунукациски технологии е должен да обезбеди објавување на донесеното Упатство на интранет страната на Царинска управа согласно процедурата за депозитар на документација.

42. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси, е должен веднаш по неговото потпишување, ова упатство да го направи достапно до сите вработени и во рок од 30 дена да одржи обука и power point презентација на царинските службеници на надлежните организациони единици преку видео конференција

43. Со денот на примена на ова Упатство, престанува да се применува Упатството за минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи бр. 01-070618/12-0001 од 15.02.2013 година.

44. Ова Упатство влегува во сила на денот на донесувањето.

Директор
Наташа Радеска Кртевска

Бр. 01-013669/15-0002
Скопје, 10. 03. 2015

Изработил: Драган Ивановски
Согласен: Офелија Бајо

Упатството го подготви: Сектор за царински систем

Примателите:

Директор
Заменик директор,
Советници на директорот,
Помошници директори на сектори,
Началници на независни одделенија
Управници на царинарници

Примерок доставен за: Интерна употреба

Оригиналот се чува во: Сектор за царински систем
Сектор за управување со човечки ресурси
Архива